Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на ден од дневни настани 17.07.2024

СВР Скопје го расчисти кривично правниот настан од 01.04.2024 во с. Арачиново, скопско, кога беше пријавено дека кон градоначалникот на општина Арачиново Р.И. и други лица вработени во општината, додека вршеле увид во градежни работи, од страна на непознато лице од автоматско оружје биле испукани повеќе проектили, при што со повреди се здобиле Е.С.(39) и А.А.(22). Веднаш по добивената пријава, од страна на полициски службеници од Единицата за насилен криминал - Одделението за кривни и сексуални деликти при СВР Скопје, во координација со ОЈО Скопје, преземени се бројни оперативно-тактички и истражни дејствија, при што е утврден идентитетот на сторителот. По целосното комплетирање на службените материјали и извршените вештачења, на 16.07.2024 до ОЈО Скопје поднесена е кривична пријава против М.А. (36) за сторено кривично дело „убиство во обид", предвидено и казнило по чл. 123 во врска со чл.19 од Кривичниот законик.

На 16.07.2024 во 21.00 часот во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода А.А.(20) и В.А.(22), двајцата од Прилеп. Тие се сомничат дека околу 16.30 часот во Прилеп физички го нападнале А.Ш.(30) од Прилеп и му одзеле пари. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот, а лицата биле задржани во полициска станица. За настанот бил известен јавен обвинител и по целосно расчистување и документирање на случајот против них ќе биде поднесена соодветна пријава по член 237 од Кривичниот законик.

На 17.07.2024 во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода С.А.(22) од Прилеп, поради сомнение за сторено кривично дело „кражба". При преглед кај него биле пронајдени марихуана, таблети, различен накит и банкноти во различни апоени. Одземените предмети биле вратени на сопственикот, а по документирање на настанот против него ќе биде поднесе соодветна пријава.

На 16.07.2024 во 23.45 часот на подрачјето на Гази Баба во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го лишиле од слобода А.М.(19) од с.Арачиново, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.07.2024 во 19.15 часот, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга го привеле Л.Д.(25) од струшкото село Корошишта. При преглед во неговото возило, извршен кај местото „Морошиски мост", општина Струга, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.07.2024 во 23.45 часот на улица „Нико Нестор" во Струга, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга го привеле В.М.(24) од Струга. Тој, откако ги забележал полициските службеници, фрлил кеса со марихуана и дробилка, кои биле пронајдени и одземени. По целосно документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.07.2024 во 23.50 часот на Граничен премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода П.Е.(29) од кавадаречко, затоа што по извршени проверки било констатирано дека патничкото возило „ауди а6" со британски национални ознаки, кое го управувал, било предмет на потрага по барање на Интерпол-Велика Британија, откако на 09.02.2024 било пријавено дека било одземено. Тој бил предаден на полициски службеници во СВР Куманово за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (16.07.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 96 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола шест санкции, девет мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, три санкции за користење мобилен телефон при возење, три мерки за минување на затворен сигнал - црвено светло...

На 16.07.2024 во 22.00 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека околу 21.40 часот на локален пат помеѓу селата Банско и Муртино, струмичко, се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл „камачи" без регистарски ознаки, управуван од Д.К.(19) од село Банско и товарно возило „гам" со струмички регистарски ознаки, управувано од С.С.(41) од село Банско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мотоциклот, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 16.07.2024 во 19.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од пат кој води кон ул.„50" во с.Радишани, скопско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ниса", управувано од А.Л.(56) и мопед „пијаџио", управуван од М.Н. (18), двајцата од Скопје, а двете возила со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 16.07.2024 во 13.40 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосница од ул.„11 Октомври" и ул.„Доне Божинов" во Куманово, А.А.(26) од Куманово, управувајќи мотокултиватор „ИМТ 509" со кумановски регистарски ознаки, излетал од коловозот и удрил во ѕид од објект. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 16.07.2024 во 17.22 часот во Полициската станица Делчево било пријавено дека на локалниот пат од село Тработиште кон село Разловци, А.С.(45) од с.Тработиште, делчевско, управувајќи мотоцикл со штипски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Делчево.

Денеска (17.07.2024) во 01.00 часот во Полициската станица Аеродром, К.Г.(41) од Скопје пријавил дека на ул.„Горѓе Андреевиќ-Кун" во Скопје, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 16.07.2024 околу 22.00 часот, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот при Регионалниот центар за гранични работи Север ги лишиле од слобода Е.Б.(29) и Е.И.(25), двајцата од Куманово. Тие биле затекнати со уште едно лице при извршување „тешка кражба" во објект на поранешна, сега напуштена свињарска фарма во с.Речица, кумановско, каде што со алат демонтирале два големи мотори. Од лицата бил одземен алатот со кој го извршиле делото, а увид на местото извршила екипа од СВР Куманово. По целосно расчистување и документирање на случајот против них ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.07.2024 во периодот од 10.00 до 13.00 часот, полициски службеници од ОВР Гостивар во соработка со Центарот за социјални работи Гостивар постапиле по претходно изготвен план и презеле мерки и активности за спречување на питачење на подрачјето што го покрива ОВР Гостивар. Притоа, на улица „Борче Јованоски" била затекната З.Х.(35) од гостиварски Балиндол како питачи, на улица „Илинденска" била затекната Б.Т.(46) од Гостивар и на улица „Седек Костоски" била затекната Д.Т.(48) од Гостивар како питачи. На лицата им биле изготвени соодветни поднесоци и биле предадени на службеници од Центарот за социјални работи Гостивар за понатамошна постапка.

На 16.07.2024, полициски службеници од ОВР Македонски Брод при СВР Битола извршија спровод до Основното јавно обвинителство Кичево на Д.Д.(21) од с.Суводол, општина Македонски Брод, кој претходно бише лишен од слобода, поради основано сомнение за извршено кривично дело „убиство" по член 123 став 1 од Кривичниот законик. На лицето му е определена мерка притвор во траење од 30 дена и ќе ја издржува во Казнено - поправната установа Затвор Битола.

Вчера (16.07.2024) во периодот од 08.00 до 13.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола на пешаците и нивното однесување во сообраќајот. При контролата биле откриени и санкционирани 20 пешаци (ТЕ-16 и ГВ-4). Најголемиот број од пешаците 16 (ТЕ-12 и ГВ-4) ги преминувале улиците надвор од обележани премини, а 4 пешаци (ТЕ) не ја почитувале светлосната сообраќајна сигнализација. На сите прекршители изготвени им се поднесоци, како и покани за присуство на т.н. сообраќајни поуки. Во акцијата, исто така, санкционирани се и 4 (ТЕ-3 и ГВ-1) други видови на сообраќајни прекршоци.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.М.(43) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 14.01.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

На 16.07.2024 во 10.20 часот во СВР Штип, 61-годишна жена од Штип пријавила дека околу 01.00 часот во семејната куќа во Штип, по претходна расправија, нејзиниот внук А.Ј.(23) од Штип агресивно се однесувал кон неа и со закана со остар предмет и барал пари и накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (17.07.2024) во 01.10 часот во СВР Скопје, Д.К.(29) од Скопје пријавил дека на 16.07.2024 околу 22.30 часот на паркинг пред угостителски објект на подрачјето на Карпош, каде бил вработен, бил физички нападнат од неговиот колега Ј.Ј.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против А.В.(33) од Пробиштип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 23.02.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, во период кога како осуденик во Казнено - поправната установа Затвор Штип користел годишен одмор, при што бише пронајдени семки од растението канабис и предмети со остатоци од кокаин.

На 16.07.2024 во 18.50 часот во СВР Скопје, К.А.(39) од Скопје пријавила дека во ходник во зграда на подрачјето на Ѓорче Петров, по претходна расправија, нејзиниот син К.А.(20) бил физички нападнат од С.О.(30) од Скопје. Исто така, С.О.(50) од Скопје пријавил дека К.А. физички го нападнала неговиот син С.О.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.07.2024 во 22.30 часот во СВР Скопје, Д.Р.(31) од Скопје пријавил дека околу 19.30 часот во куќа на подрачјето на општина Аеродром бил физички нападнат од Е.А. (24) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Л.(43) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Приѕвената, нотар за подрачје на Основен суд Куманово, заверила договор за купопродажба на недвижен имот помеѓу В.Т. од Велес како продавач и А.С. и А.М. од Куманово како купувачи, а врз основа на договорот направила потрода за солемнизација и на тој начин постапила спротивно на Закон за сопственост и други права, бидејќи како сопственик на имотот, покрај В.Т., се јавувал и О.А. од Куманово и државата Република Северна Македонија.

На 16.07.2024 во 15.14 часот во СВР Скопје, А.Н.(33) од село Џепиште, дебарско, пријавил дека на подрачјето на Чаир бил физички нападнат од У.Б.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.07.2024 во 20.40 часот во СВР Скопје 47-годишна скопјанка пријавила дека на кеј на река Вардар во Скопје, на територија на Карпош, забележала нашко лице на возраст од околу 20 години како се самозадоволува, по што го напуштил местото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Н.Н.(69) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". На 11.05.2024, пријавениот злоупотребил банкарска платежна картичка на друго лице, така што направил две трансакции.

На 16.07.2024 во 09.50 часот во СВР Скопје, С.Б.(82) од Скопје пријавила дека околу 09.30 часот на подрачјето на Гази Баба, едно лице со употреба на физичка сила ѝ одзело личен накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во Полициската станица Пробиштип, Н.В.(23) од с.Баница, струмичко, пријавила дека на 14.07.2024 во 11.30 часот на Градскиот пазар во Пробиштип, С.С(41) од Пробиштип ја удрила со патничко возило „ланчија" со пробиштипски регистарски ознаки. За настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Штип и по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Л.М.(54) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Во текот на март 2024 година, пријавениот во сојуз на инвеститор, започнал градба на дел од објект за домување, без да поседува одобрение за градење издадено од надлежен орган.

На 16.07.2024 во 23.00 часот во СВР Скопје, од Казнено – поправната установа Затвор Идризово било пријавено дека осуденикот М.П.(35) од с.Мојници, скопско, при пад од ограда се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Имено, според пријавеното, во 19.00 часот, откако му завршила смената во јавно претпризбие лоцирано веднаш до установата, за да излезе, се обидел да ја прескокне оградата затоа што главната капија била заклучена, а откако се качил на оградата, му се слошило и паднал. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.07.2024 во 11.30 часот во Полициската станица Свети Николе, В.М.(34) од Свети Николе, управител на приватна фирма од Свети Николе пријавил дека петнина негови вработени - лица од Непал, со привремен престој во Свети Николе, на возраст од 27 до 38 години, го напуштиле местото каде што престојувале. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против В.Т.(27) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". Во септември 2023 година полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

На 16.07.2024 во 12.10 часот во ОВР Беровo, Д.В.(44) од Беровo, раководител на правен субјект од Пехчево, пријавил дека нивен 38-годишен вработен од Непал, со привремен престој во Пехчево, се одвалечил од местото каде што престојувал. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет